РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк МАВРОВО
Бр. 03-942/1
25.08 2026 год.
Маврови Анови

**Република Северна Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**

25.08.2026 г.

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И
ВОДОСТОПАНСТВО - СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Предмет : Барање

Почитувани ,

Управата на Јавната Установа Национален Парк Маврово – Маврови Анови поврзано со Годишниот план за одржување на натпревари за 2026 година изготвен од Македонската Риболовна Федерација, а доставен до МЗШВ – Одделението за рибарство и аквакултура со деловен бр.0302-5 од 27.01.2026 година и Известувањето доставено до нас од страна на Федерацијата за добивање писмена согласност за одржување на натпреварите и вклученост во организација на истите со допис примен на 18.08.2026 година со деловен бр. 0302-56/1 се пристапи кон донесување на следнава :

**О Д Л У К А**

Да се продолжи со времената ЗАБРАНА ЗА РИБОЛОВ изготвена на 26.01.2026 година со деловен бр. 03 – 91/1 и ЗАБРАНАТА ЗА РИБОЛОВ од 17.07.2026 година со деловен број 03-790/1 доставени до Федерација и Министерството за земјоделство , шумарство и водостопанство, со оваа ОДЛУКА СЕ ЗАБРАНУВА РИБОЛОВ почнувајќи од 26.08.2026 година до завршување на **Светското првенство за спортски риболов на Мавровско Езеро до 07.09.2026 година,** заради заштита на вонредно извршеното порибување наменето за наведените натрпревари во спортски и рекреативен риболов Светско првенство и официјален настан од највисок ранг во рамките на FIPSed на риболовниот Ревир / Рекреативна зона Мавровско Езеро заради исполнување на обврските од меѓусебниот договор и Меморандумот за соработка и воедно навремено информирање на спортските риболовци кои што обезбедиле или ќе обезбедат дозвола за риболов.

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Со оваа ОДЛУКА исто така се ЗАБРАНУВА , односно ограничува пловидба и користење на сите пловни објекти на Мавровско Езеро се до завршување на Светското првенство во риболов. Се иземаат пловните средства на Полиција , Службите за спасување и други надлежни институции кога нивното користење е неопходно за безбедноста и организацијата на настанот .

Благодариме за соработката .

Со Почит !

Изготвил,
Велко Лазаревски
Томо Ѓорѓевски

ЈУНП Маврово
Директор ,
Харис Ибраими

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Јавна Установа Национален парк Маврово Маврови Анови 1

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р: Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk